Виолета АЧКОСКА

# НЕКОИ МОМЕНТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИОТ ОТКУП ВО МАКЕДОНИЈА (1945 - 1948 година)

Задолжителниот откуп на земјоделски производи во првите години на конституирањето на авнојска Југославија, во чии рамки влегла и Демократска Федерална Македонија (ДФМ), бил една од мерките што партиско-политичкото раководство на земјата некритички ја презело од тогаш важечкиот советски модел во аграрот. Оваа мерка била на линијата на концепцијата на Е. А. Преображенски за "првобитната социјалистичка акумулација'' која требало да се реализира на сметка на селото[1]. Всушност, потребната акумулација за изведување на индустријализација на земјата, како синоним за изградба на новиот социјалистички систем (од советски тип), по пат на најразлични државни мерки и административни ограничувања требало да се извлече од земјоделството[2]. Од друга страна, самата објективна стварност, општата материјална немаштија и нискиот степен на развој на производните сили и во крајна мерка неопходноста од обезбедување исхрана за населението и војската ја принудувале новата власт да донесе мерки кои се движеле во рамките на "воениот комунизам". Понатаму, со донесувањето на првиот Петгодишен стопански план насочен кон забрзана индустријализација на земјата, потребата од земјоделски производи (за исхрана и суровини) повеќекратно нараснала при суштински непроменет контекст на земјоделското производство[3].

Имајќи го предвид сето ова, донекаде е сфатлива определбата на новата државна власт за речиси целосното овладување со пазарот на земјоделски производи и воспоставувањето на така нареченото

[1] Е. А. Preobraženski, Nova ekonomika, Pokušaj teorijske analize sovjetske privrede, prvi deo, knjiga prva, Centar za kulturnu djelatnost, Zagreb 1983, 45.

[2] Покрај задолжителниот откуп, во тие мерки спаѓаше и прогресивното оданочување, административното определување на цените (ножици на цените), укинување или ограничување на пазарните законитости итн.

[3] Во 1947 година сѐ уште не било постигнато предвоеното ниво на земјоделско производство. Периодот од 1945 до воведувањето на Првиот петтогодишен план претставува период на обнова на земјата, а во земјоделството пресудна улога одигрува аграрната реформа и колонизацијата, која покрај добрите политички ефекти предизвикала и низа негативни економски последици. Според Кардељ, дури во 1948 година било постигнато предвоеното ниво на земјоделско производство, но според други показатели можеби неколку години подоцна. (Види: Е.Кардељ, Задачите на нашата Партија на село, Скопје 1949, 4 ).

рационизирано снабдување со кое точно се определувала количината на потрошувачка за сите граѓани . Задолжителниот откуп на земјоделски производи бил воведен кон средината на 1945 година со гаснењето на реквизицијата, а постепено згаснува до крајот на 1952, односно во почетокот на 1953 година. Анализата на овој труд се движи во периодот од 1945 до 1948 година, односно до судирот помеѓу КПЈ и СКП(б), судир кој имал подалекусежни последици во општествено-политичкиот и стопански развој на Југославија. Посебно е значајно влијанието на судирот врз радикализацијата на аграрната политика и усложнувањето на политичката ситуација на село, за чија елаборација е потребен поголем простор. За откупот на земјоделските производи се грижеле Сојузното и Републичкото министерство за трговија и снабдување и нивните аналогни отсеци во пониските административно-територијални единици, а постоењето на многубројната правна регулатива зборува за значењето на задолжителниот откуп во тие услови. Основна карактеристика на сите акти и прописи кои го регулирале ова прашање е нивниот привремен карактер, при што новата власт си оставала простор да ги прилагодува соодветните решенија според создадените потреби и услови. Во целокупниот контекст на откуп на земјоделски производи, секако најбитен бил откупот на житарките, со оглед на тоа што лебот бил основен артикал за исхрана на населението. Првата Уредба за откуп и трговија со лебни житарки за економската 1945/46 година била донесена од Стопанскиот совет на ДФЈ кон крајот на октомври 1945 година . Целта на Уредбата била насочена кон обезбедување исхрана на војската и населението кое не се занимава со производство на лебни житарки, односно "чие производство не ги покрива потребите на сопствената потрошувачка". Производителите и имателите на житарки биле должни на повик на власта да им предадат на назначените откупни установи по максимирани цени т.е. по оние цени што ги одредила државата, одредени (пропишани) количини на житарки. При одредувањето на задолжителните количини за испорака на државата, еден дел од производството се оставал на производителот за негова лична исхрана, за добитокот и за семе. Еден мал дел од пченката и зопта дури можел да оди на слободниот пазар, но со едно подоцнежно толкување и тој дел од пченката, во зависност од локалните прилики, можел во целост да се продаде на државата како задолжителен откуп[7]. Повредата на прописите зацртани во оваа

[4] Vidi: Miloš Bogdanović, Ekonomika poljoprivrede Jugoslavije, Savremena administracija, Beograd 1967, 88-90.

[5] Според одредбите на оваа Уредба, за лебни житарки биле прогласени: пченицата, 'ржта, јачменот, зопта, пченката и сите нивни мешавини и преработки.

[6] Službeni list DFJ, br.58/1945.

[7] Tumačenje člana 2 i 3 Uredbe o otkupu i prometu hljebnih žita u ekonomskoj 1945/46 godini, Službeni list DFJ, br. 74/1945.

Уредба и прописите на другите органи надлежни за спроведување на откупот се казнувала според Законот за сузбивање на недопуштена шпекулација и саботажа[8].

За разлика од 1945 година во која основен печат на откупната политика ѝ давала тукуштo завршената војна, веќе во 1946 година доаѓа до напуштање на многу ограничувања. Имено, Уредбата за откуп на житарките во економската 1946/47 година ја имала истата цел - да обезбеди леб за целокупното население во земјата, но одредувајќи ги задолженијата на производителите за остварување на таа цел, биле пропишани количини кои земјоделецот ги задржувал за свои потреби, дури со дел можел и слободно да располага[9]. Процентот на овие вишоци бил одреден во износ од 10 до 40% за белите житарки и од 20 до 50% за пченката (член 1, 2 и 3 од Уредбата). И додека со Уредбата од 1945 година начелно не биле издиференцирани обврските на земјоделците со оглед на нивната поседовна состојба, тоа попрецизно се регулира со Уредбата од 1946. Спомнатите проценти зависеле од "големината на обработливата земја и имотната состојба на домаќинствата" (чл. 3). Според општата аграрна политика која тргнувала од заштитата на интересите на сиромашните селани, на земјоделците со посед до 3 ха индиректно им било дадено правото на слободно располагање со житните вишоци во обем на горната процентуална граница, т.е. 40% односно 50%, со тоа што овој процент можел да биде и поголем, а во посебни случаи можел "самиот производител и сосема да се ослободи од задолжителни испораки на државата" (член 3). Според критериумот на големина на поседите, стопанствата биле поделени на седум категории: 1. 1 ха, 2. од 3 до 5 ха, 3. од 5 до 8 ха, 4. од 8 до 10 ха, 5. од 10 до 15 ха, 6. од 15 до 20 ха и 7. преку 20 ха (член 6).

Многубројна е документацијата која зборува за спроведувањето на откупот на терен и за расположението на селанството во Македонија кон оваа политика[10]. Иако одделните извештаи и записници најчесто носат пропагандистички дух и неодминлива идеологизација во духот на тогашните поимања на општествениот развој, може веднаш да се забележи дека политиката на задолжителниот откуп ги донесува и првите знаци на отпор на село кон новата власт. Во интерес на вистината мораме да забележиме дека во некои села откупот на житото се сметал за свет долг кон новата ("народна") власт и предавањето на житото

[8] Законот е донесен на 26 април 1945 година, Službeni list DFJ, br.26/1945.

[9] Службени лист ФНРЈ, бр.35/1946.

[10] За тоа постои многубројна документација во фондовите на КПМ (ЦК, окружни, околиски, општински месни комитети), во Фондот на Министерството за земјоделие и шумарство, во Фондот на Министеството за трговија и снабдување и други фондови во Архивот на Македонија, неговите подрачни одделенија како и во архивите на бившите ју-републики.

било прогласено за свечен чин[11], но во најголемиот број случаи селаните не биле подготвени доброволно да се одделат од својот производ. Затоа тие наоѓале најразлични начини да ги одбегнат задолженијата кои им биле наметнати. Најчест случај за да се одбегне често големото и нереално задолжување било прикривањето на фактичката состојба на засеаните површини или криењето на дел од жетвата[12]. Низ селата се ширела пропаганда дека новата власт ќе им одземе сè на земјоделците и дека откупот во Македонија се врши неправилно. Понекаде се формирале делегации на селани со цел да се жалат кај Маршалот[13], а Уредбата за економската 1946/47 година била примена со голема доза на недоверба, нарекувана дури и "трик", "маневар да биде излажан нашиот народ" итн.[14].

Обврските на земјоделците кон државата во поглед на житарките, повлекувале со себе и извесни обврски кои државата во улога на регулатор на стопанскиот живот, пред сè на комуникацијата помеѓу аграрот и индустријата, селото и градот, ги прифатила врз себе кон земјоделците. Така, на пример, сојузниот министер за трговија и снабдување кон крајот на јуни 1946 година издава Наредба за давање привилегии на земјоделските производители и други иматели на житарки од родот од 1946 година, при снабдувањето со рационирани индустриски производи, додека пак низ републиките биле донесувани соодветни упатства за примена на таа Наредба[15]. Откупно-продажните станици биле задолжени за уредно извршените обврски да им издаваат на земјоделските производители соодветна противвредност изразена во карти за повластено снабдување со рационизирани индустриски производи[16]. На име на овие карти селанецот можел да купува текстил, обувки, метал и други индустриски стоки. Друго било прашањето што вредноста на индустриската стока во практиката не соодветствувала на вредноста на аграрните производи (нееквивалентна размена - "ножици на цените").

Во текот на 1947 година биле донесени повеќе прописи кои значеле натамошно развивање на системот на откупната политика. Тоа била год-

---

[11] На пример, селото Боговиње го предало "житото на доста свечан начин, ... со транспаренти, бајраци, тапани и друго и самите селани беја доста добро и многу добро се одразује во народот", Архив на Скопје, Фонд: Окружен комитет на КПМ- Скопје, 1945/46, к-1, Записник од состанокот на Околискиот комитет на КПМ - Тетово, 22.08.1946.

[12] Архив на Скопје, Фонд: Окружен комитет на КПМ - Скопје, 1945/46, к-1, Извештај за откуп на житото на Околискиот комитет на КПМ - Козјак, 16.09.1946.

[13] На пример, селаните од Табановце и Четинарце (Кумановска околија) презеле иницијатива за организирање на делегација од село Никуљане, подготвувана во "партизанските куќи", Архив на Скопје, Фонд: Окружен комитет на КПМ - Скопје,1945/46, к-1, Извештај за откуп на жито, 11.09.1946.

[14] Архив на Скопје, исто, Записник од Околиското советување - Тетово, 7.06.1946.

[15] Службени лист ФНРЈ, бр. 53/1946.

[16] Архив на Скопје, истото.

ина на донесување на Петгодишниот стопански план и прва година од неговото спроведување. Со него развојот на аграрот во стварноста свесно и неоправдано бил запоставен во однос на индустријата[17]. Толкувањата и уверувањата на партискиот врв дека со ефектите на индустријализацијата брзо ќе му се компензира на селанството првобитната акумулација на капиталот исцрпувана од аграрот во првите повоени години, не можеле да се остварат ни поради објективни, ни поради субјективни причини[18]. Тогаш доаѓа до утврдување на концептот на социјалистичката преобразба на земјоделството и селото низ "општо" т. е. не само набавно-продажно, туку пред сè, производно земјоделско задругарство[19]. Таа година значително се зголемуваат откупните обврски на селаните и се заоструваат односите помеѓу нив и државата заради откупот.

Во текот на 1947 година и Министерството за правосудство поактивно се вклучува во спроведувањето на одредбите за сеење и откуп, барајќи воведување на прецизна статистичка евиденција по однос на Уредбата за задолжително засејување на ораниците и Уредбата за откуп на житарките во економската 1947/48 година. Прекршителите на овие уредби, почнувајќи од април 1947 година, биле водени во посебни судски обрасци (КС 9)[20]. Интересно е, што многу од судените селани по прашањето на откупот на земјоделски производи, истовремено биле осудувани и за незасејување на земјата кое се откривало токму при спроведувањето на откупот[21].

Уредбата за откуп на житарки за економската 1947/48 година, меѓу другото носела во себе неколку новини внесени со цел да се зголеми производната заинтересираност на земјоделците[22]. Прво, државата преку своите органи се обврзувала дека на секој земјоделец однапред, пред сеидбата, ќе му соопшти колку житарки е должен да предаде, со тоа што вишокот производи над утврдената задолжителна количина за која државата одредувала цени, му се оставал на слободно располагање. Второ, биле пропишани различни обврски за земјоделците во житородните и нежитородните подрачја. Обврските во житородните подрачја се пресметувале според просечниот принос на земјиштето на еден хектар, а проценката во нежитородните подрачја се вршела за секое поединечно домаќинство, според неговиот реален вкупен принос и неговите објек-

---

17 Види: Закон о Петтогодишњем плану развитка народне привреде Федеративне Народне Републике Југославије у годинама 1947 - 1951, Издање "Политикеѐ, Први мај 1947.

18 Vera Kržišnik - Bukić, Seljaštvo u socijalizmu, Banja Luka 1988, 369.

19 Е. Кардељ, Земљорадничко задругарство у планској привреди, "Проблеми наше социјалистичке изградње", књ.1, Београд 1954, 85-94.

20 Архив на Југославија, 50-88-184, док. бр. 212, Предмет: Кривично-правна статистика.

21 Архив на Македонија, фонд: ВАРИА, II/122, Анализа кривичног прогона у вези откупа пољопривредних производа, 1949.

22 Службени лист ФНРЈ, бр.22/1947.

тивни потреби од жито. Одредувањето на (не)житородноста и воопшто реонизацијата на земјиштето биле ставени во надлежност на републичките органи. Трето, планот на откупот бил поставен хиерархиски, од Владата на ФНРЈ, па вертикално преку републичките влади, околиските народни одбори до месните народни одбори кои според развиениот план на откупот за месното подрачје, планот го разбивале до крај, на одделните домаќинства. Четврто, прецизно се утврдува кои површини спаѓаат во категоријата обработливи. Петто, како и во Уредбата за економската 1946/47 година, така и во оваа, одредени се диференцирани, но доста прецизно поставени обврски со оглед на големината на поседот. Поголемите поседници ѝ давале на државата соодветно повеќе жито, додека пак сосема биле ослободени од давачки оние земјоделци кои поседувале земја со површина до 1 ха.

Врз основа на сојузната Уредба за откуп на житарките за 1947/48 година (донесена на 11 март 1947), соодветните органи во Македонија донеле посебни прописи со кои биле поблиску изрегулирани односните прашања. Во таа смисла, важна е Одлуката за поделба на подрачјето на НРМ на житородни и нежитородни реони, како и Решението за одредување на количествата житарки за откуп во нежитородното подрачје на НРМ. Во точка 2. од оваа Одлука[23] во Македонија биле определени три житородни реони и тоа: прв реон, со околиите Тетовска, Гостиварска, Скопска, Струмичка со градовите и определени села; втор реон, со околиите Кумановска, Прилепска, Битолска, Радовишка, Кочанска со градовите и одделни села и трет реон, со околиите Светиниколска, Кавадаречка, Велешка (без градот Велес) со градовите и одреден број села. Сите оние околии, градови и села кои не биле наброени во точката 2 од Одлуката влегувале во нежитородните подрачја (точка 5). Во точката 3 прецизно се утврдени давачките за одредена површина на поседите. Глобално, за првиот реон границите за најмали и најголеми давачки се движат од 80 до 1190 кг, за вториот реон од 80 до 1050, а за третиот од 50 до 910 кг. При откупот на житарките во нежитородните реони се спроведувало истото прогресивно одредување на контигентите - секогаш поголемите поседи го носеле поголемиот товар. Така, посед со површина од 1 до 3 ха испорачувал 40 до 80% од произведените житарки, а слободно располагал со 60-20% од производите, додека пак посед од преку 15 до 20 ха површина отстапувал 85 - 90% од производството, а располагал со 15 - 20% слободни вишоци. Домаќинствата кои располагале со обработлива површина од вкупно 1 ха биле ослободувани од задолжителното испорачување житарки. Исто така од давачките биле ослободувани и

[23] Одлука за поделба на подрачјето на НРМ на житородни и нежитородни реони, за нормите во житородните реони и површините кои урачунат во површини за обавезна давачка, Архив на Македонија, Фонд ЦК СКМ, Организационо-инструктивно одделение, к-17, 1947.

домаќинствата во категоријата посед од 1 до 3 ха во случај кога утврдениот вишок не изнесувал повеќе од 200 кг., потоа кога сопствениците на стопанството биле воени инвалиди или сираци од војната чие стопаство не надминувало 2 ха површина[24].

Количествата житарки кои едно домаќинство во нежитородните реони било должно да ѝ ги предаде на државата се пресметувале откако ќе се подмиреле потребите на производителите за прехрана на членовите на домаќинството, за прехрана на добитокот и потребите за сеидба. Притоа, за прехрана на членовите на семејството за првите четири члена се одредувале по 250 кг житарки, а за останатите членови по 200 кг на член. За подмирување на потребите од семе и тоа само за површините кои во економската 1946/47 година биле засеани со житарки се одобрувало по 200 кг пченица на хектар (сортата италијанка 240 кг на хектар), по 200 кг 'рж и јачмен на хектар, по 150 кг овес на хектар, по 40 кг пченка на хектар. Потребното количество за прехрана на добитокот го одредувале месните народни одбори според своја проценка[25].

Откупот бил мерка со изразито административен карактер - испораките биле задолжителни, количествата точно утврдени, цените исто така. Постапката за глобалната распределба на задолжителните испораки, исто така, зборува за административната суштина на оваа мерка, која всушност целосно се вклопувала во системот на државно-централистичкиот, административен социјализам. Откупот најнапред се распределувал по републики, а републичките министерства за трговија и снабдување го разбивале на количини со кои биле задолжувани околиите. Според постојните прописи за откуп, на околиите им се оставал еден дел од житарките на сопствено располагање.

Со рамковиот план на Сојузното министерство за 1947 година за Македонија биле испланирани задолженија од 23.280 тони задолжителни вишоци и 2.250 тони слободни вишоци на бели житарки. Меѓутоа при разбивањето на овој рамков план на околии, "републичкото министерство за малку го зголемило и тој изнесувал 24.600 тони. Околиските одбори од своја страна во текот на натамошното разбивање на месните народни одбори и поединечни домаќинства т. е. во текот на конкретното применување на Уредбата за откуп исто така нешто зголемувале така што се добивал нов план од 25.907 тони ...", кој план бил и усвоен[26]. Меѓутоа,

---

[24] Види точка 2 од "Решење за одредуењето на количествата житарици, кои во нежитородното подрачје на НР Македонија се остават на производителите за подмируење на сопствените нужди, за одредуењето на количествата кои обавезно се предават на државата и за одвишоците кои остават на слободно располагањеѐ, Архив на Македонија, Фонд: ЦК СКМ, Организационо-инструктивно одделение, к-17, 1947.

[25] Решење за ..., точка 1, Архив на Македонија, истото.

[26] Архив на Македонија, Фонд: ЦК СКМ, Организационо - инструктивно одделение, к-17, 1947, Анализа откупа белих жита за 1947 годину.

со една подоцнежна Наредба на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ, се одредува во Македонија за економската 1947/48 година да бидат откупени 2.000 тони пченица, 175 тони јачмен, 75 тони овес и 250 тони пченка, или вкупно 2.500 тони слободни вишоци[27].

Носители на откупот биле народните одбори и откупниот апарат, но во кампањите учествувале сите политички фактори. Постојната документација, многубројни окружници, упатства, писма, записници, анализи и други архивски материјали зборуваат дека спроведувањето на откупот била една од најважните задачи на комунистите на теренот. Дури, се сметало дека "од исполнувањето на оваа задача зависи и способноста на партиската организација и нејзиното влијание на село"[28]. Притоа, партиските комитети биле задолжени систематски да ги проучуваат сите конкретни акти во врска со откупот, односно уредбите, напатствијата, правилниците и наредбите што ги издавало Министерството за трговија и снабдување. Тие морале да го проучат начинот на спроведувањето на откупот и да го прилагодуваат на конкретните услови на теренот. Со откупните прописи "морал да се запознае секој член на Партијата и сите активисти на Народниот фронт", а потоа низ различни форми овие прописи биле разработувани сред селското население.

Посебно место во работата на партиските органи и активисти во врска со политиката на откупот била агитацијата на село. Комитетите, меѓу другото, подготвувале конкретни планови за агитација и формирале посебен агитационен актив, составен од 30 - 50 активисти, кои имале задача да ја објаснуваат целта на откупот и преку пропагандата да го смалуваат отпорот на селанството кон оваа мерка[29].

Акциите за изведување на откупот биле посебно подготвувани, бидејќи откупот покрај економска, имал и своја политичка страна која не смее да се занемарува. При подготовките за откупот, најпрво се вршела проверка на сите членови на Партијата од аспект на тоа дали ги извршиле своите обврски кон државата, зашто тие морале да предничат со личниот пример[30]. Секојдневните обврски на поединците во акцијата биле прецизно утврдени, а во самата кампања се вршело мобилизирање на сите членови на Народниот фронт заради поставување на откупот врз што е можно поширока политичка основа. Всушност, се тргнувало од

---

[27] Архив на Македонија, Фонд: Министерство за трговија и снабдување, к-2, 1947, Наредба од 3 јули 1947.

[28] Архив на Македонија, подрачно одделение - Охрид, Фонд: Околиски комитет на СКМ - Охрид (1944 - 1965), к-1, 1944/47, Циркуларно писмона Окружниот комитет на КПМ - Битола од 14.07.1946, инв. бр.69.

[29] Истото.

[30] Архив на Македонија, подрачно одделение - Скопје, Фонд: Окружен комитет на КПМ, к-2, 1945/46, Извештај на Околискиот комитет на КПМ - Гостивар за слабости и добро држење при откупот на житото, 12.09.1946.

ставот дека Партијата во откупната кампања мора да се растовари на сметка на поголемо учество на Народниот фронт. Поради констелацијата на силите и создадената политичка клима, Партијата не смеела да раководи директно со откупот, туку народната власт, на која, "како што се зборувало, Партијата ѝ била само 'рбет на агитацијата"[31].

Подготовките за откупот на житарките во Македонија во 1947 година започнале веднаш со појавата на Уредбата. За таа цел најпрво биле организирани широки конференции на кои биле разјаснувани целта и одделните одредби на Уредбата, а потоа се пристапило кон пресметување на задолжителните испораки на жито, при што биле направени и првите најсериозни грешки во подготовката на откупот. Тука, пред сè, би го навеле произволното зголемување на утврдените количества, кое посебно било карактеристично за Тетовска околија или пак намалувањето на утврдениот минимум како во реонот на Свети Николе. Во некои околии како Радовишка, Штипска, Кочанска, Прилепска и други, дошло до неколкукратно определување на откупот и тоа најпрво според целокупната површина, потоа според засеаната површина итн. така што тоа го попречувало навременото исполнување на планот на откупот[32].

Иако откупот темелно се подготвувал, веќе наведовме дека во практиката го следеле најразлични слабости. Меѓу тие слабости во спроведувањето на откупната политика мораме да го нагласиме често административното, "канцелариско" вршење на распределбата на откупните задолженија без да се користат масовните организации или собирот на бирачи. Поточно, распределбата се вршела во раководствата на околиските комитети без учество на месните народни одбори, како што се случило во Радовишката и Тетовска околија[33]. Од друга страна, пак, понекогаш откупот се усложнувал со делувањето на повеќе разнородни органи на теренот кои преземале интервенции. Со тоа се губеле мерките на надлежностите на одделните одбори, комисии, комитети, министерства. Сите овие органи, пред сè, биле свесни за важноста на акцијата за собирање житарки и други земјоделски производи и неопходноста од нејзиното успешно изведување заради што "секој наредувал, убедувал, а понекаде и апсел"[34].

Шематското одредување на задолжителниот откуп носело со себе низа слабости и недостатоци, така што се случувало без оглед на големината на поседот, понекои земјоделци да не можат да ги исполнат своите

---

[31] B. Petranović, Politička i ekonomska osnova narodne vlasti za vreme obnove, ISI, Beograd 1968, 416.

[32] Архив на Македонија, Фонд: ЦК СКМ. Организационо - инструктивно одделение, к-17, 1947, Анализа откупа белих жита за 1947 годину.

[33] Истото.

[34] B. Petranović, цит. дело. 417.

обврски поради лошиот принос на нивната земја или од други причини. Честопати, на теренот, партиските активисти можеле реално да ја согледаат состојбата, но нивните барања да се намалат задолженијата, или било какво изразено сомнение за невозможност од реализација на откупниот план, официјално биле оценувани како наседнување на "...кулачко-шпекулантските пароли дека приносот на бели жита... потфрлил, дека е послаб од минатогодишниот". Оценувано е дека и одделни околиски комитети потпаднале под "опортунизмот и почнале самите да бараат ревизија" на откупот како што било случај во Штип, Гевгелија, Делчево и на други места.

Откупот се одвивал поуспешно во оние околии каде што масовните организации биле активно ангажирани во сите етапи и акции на неговата реализација. Онаму каде изостанало ваквото организирање, дошло речиси до оневозможување на неговото спроведување. Во овие околии почнал да се чувствува силен отпор против откупот, а поединци истапувале речиси отворено, одбивајќи да ги примат решенијата на месните народни одбори[35]. Поради сè поприсутниот и посилен притисок на селанството, некои комитети барале ревизија на откупниот план во своите околии. Неуспехот при реализацијата на откупниот план во овие околии бил припишуван на недоволната ангажираност на кадрите во политичките и технички подготовки на откупот[36]. Сите овие патемни забелешки, всушност, укажуваат на тоа дека селанството доброволно не се откажувало од својот производ и дека откупот го прифаќало како принуда и притисок одозгора.

Отпорот што поединците го давале во текот на откупните кампањи се идентификувал со непријателската дејност на кулачко - шпекулаторските елементи против кои се преземале репресивни мерки, иако официјално се барала политичка диференцијација на селанството и спроведување на масовен политички притисок. "Тој отпор се обиделе да го скршат со вршење на претреси кај иститe, сослушување во УДБ-а, со казнување и слично". Заради "лошо" и "неодговорно" држење во откупот или за неисполнување на сопствените обврски, од редовите на КПМ во текот на 1947 година биле исклучени 56 членови, бил отповикан 21 одборник, околу 205 фронтовци биле изведени пред Народниот суд, а биле отповикани 66 одборници на Народниот фронт. Покрај овие, на суд се изведувани и сите други селани кои не сакале да ги исполнат своите обврски, така што вкупниот број на осудени во целата Република изнесу-

---

[35] Архив на Македонија, Фонд: ЦК СКМ. Организационо - инструктивно одделение, к-17, 1947, Анализа откупа белих жита за 1947 годину.

[36] Архив на Македонија, подрачно одделение - Скопје, Фонд: Околиски комитет на СКМ - Скопје, к-2, Записник од состанокот на Бирото на Околискиот комитет на КПМ - Скопје, 26.12.1947.

вал 127 "шпекуланти". Пресудите се движеле од 6 месеци до 2 години принудна работа или затвор и обично со конфискација на скриеното жито или на неприкажаната површина на земја. Во 98 случаи биле извршени претреси во домакинствата и тоа повеќе во оние околии каде што откупот почнал да се спроведува претежно со административни мерки, а помалку со масовна политичка работа[37].

Кога зборуваме за спроведувањето на задолжителниот откуп, мораме да истакнеме дека неделива целост со откупот претставувале мерките за задолжително засејување на обработливите површини со детално изработени сеидбени планови за секоја земјоделска сезона[38]. Сеидбата, како и откупот, се спроведувала со активирање на севкупната пропагандна машинерија, со примена на политички притисок и со активно учество на партиските и државни органи, машинско-тракторските станици и активистите на Народниот фронт[39]. Всушност, од успехот на есенската и пролетната сеидба зависел летниот откуп на белите житарки и есенскиот откуп на пченка, а самото спроведување на откупот укажувало, меѓу другото, и на многу пропусти и грешки направени во сеидбената кампања. Често локалните органи низ своите извештаи прикажувале повеќе засеани површини отколку во реалноста. Врз база на тие извештаи се вршело планирањето на откупот, кое секако било нереално. Сеидбата речиси во сите планови на народните одбори претставувала не само почетна, туку и најважна фаза во планирањето на откупот, иако не можеме да го доведеме откупот исклучиво во последична зависност од сеидбата[40]. Тука мора да се земе предвид и работата врз жетвата и вршидбата, потоа прашањето на поволните или неповолни временски услови,а често се случувало земјоделците ненаменски да го користат семето добиено од државата за сеидба (за сопствена исхрана или за исхрана на стоката).

Постои многубројна документација со прегледи на засеани површини, но и покрај тоа до релевантни сеидбени показатели не можело да се дојде. Причините треба да се бараат, пред сè, во недостигот соодветна стручна служба и недостигот стручна методологија за пресметување на засеаните површини[41]. Низ извештаите на соодветните органи за

---

[37] Архив на Македонија, Фонд: ЦК СКМ. Организационо - инструктивно одделение, к-17, 1947, Анализа откупа белих жита за 1947 годину.

[38] Уредба Владе ФНРЈ о обавезном засијавању ораница, Службени лист ФНРЈ, бр.13/1947.

[39] Архив на Македонија, Фонд: Министерство за земјоделие и шумарство, год. 1949, Проблематика на сеидбата, инв. бр. 88 и 89.

[40] Архив на Македонија, Фонд: ЦК СКМ, Комисија за село, к-16, 1947, План за откуп на житото; Напатствие за евиденцијата и контролата за откупот на житариците.

[41] Низ печатот од овој период постојат бројни написи за проблемот на евиденцијата. Така, во написот "Евиденцијата - главен фактор за правилно извршување на пролетната сеидба" во списанието "Народна задруга" бр.196 од 1950 година, се констатира дека "евиденцијата и понатаму покажува слаби резултати бидејќи с¢ уште не е оспособен доволен кадар за водење евиденција, а извештаите не се доставуваат на време".

извршување на планираниот откуп, покрај другото, се нагласува дека селаните, заради "недоволните", па и "неправилни" објаснувања за значењето на откупот, давале делумно лажни податоци за засеаните површини[42], макар што се констатира дека најголемиот дел правилно го сфатиле откупот[43]. Објективно, најголеми проблеми во откупот, поврзано со сеидбата се јавувале како последица на неблаговременото и несоодветно организирање на работата и секако поради недостигот на семиња, ѓубрива, земјоделски алати и машини, запрежна стока итн.

Водењето правилна евиденција за земјоделските работи, семето, квалитетот на земјиштето и за другите сегменти на поледелското и сточното производство барало оспособување извесен број евидентичари. За нив биле организирани посебни курсеви кои најчесто се одржувале во склоп на задружните курсеви[44].

Заради исполнувањето на обврските од Првиот петгодишен план, во текот на 1947 година значително беа зголемени откупните задолженија, а основната парола под која се водел откупот била: "Ние на работниците жито, работниците нам - индустриски производи". Со цел да се реализира планот на откупот, државата покрај разработената пропагандна машинерија и силниот политички притисок, воведувала најразлични олеснувања и повластици за да ги принуди селаните на доброволно давање на откупот. Една од тие мерки беше и издавањето бонови за повластено снабдување со индустриска стока за сите оние селани кои ќе ги продаваат на државата своите слободни вишоци. Општо е познато дека со првиот Петгодишен план првенство ѝ се даваше на индустријализацијата на земјата, која во недостиг на други извори мораше да се остварува со извлекување на акумулација од селото[45].

Од крајот на 1947 година, поради пренапрегнатите и нереални откупни планови, на селото се појавуваат многубројни економски тешкотии и политички превирања, потенцирани и со грубиот однос на поединци од откупниот апарат спрема селанецот[46]. Меѓутоа, ситуацијата на село уште повеќе се усложнува во 1948 година, која за Југославија претставува бурна година во политички поглед. Тоа е, од една страна, година на кон-

---

[42] Во циркуларното писмо на Окружниот комитет на КПМ - Битола од 14.07.1946 до сите околиски и месни комитети во Битолскиот округ, стои претпоставката дека селаните сокриле 39-50% од посеаните површини, па "затоа треба месните народни одбори да извршат детален попис на посеаните површини", Историски архив на Охрид, Фонд: Околиски комитет на СКМ - Охрид, к-1, 1944/47, инв. бр. 69.

[43] Архив на Македонија, подрачно одделение - Охрид, Фонд: Околиски комитет на СКМ - Охрид (1944-1965), к-3, 1949, Опширна анализа на откупот на житариците во Охридска околија.

[44] Архив на Македонија, Фонд: Министерство за земјоделие и шумарство, к-184, 1949, Прегледи на курсисти 1945 - 1950.

[45] Петтогодишњи план и наше село, Београд 1947, 76-82.

[46] Види: V. Bakarić, O poljoprivredi i problemima sela, Beograd 1960, 115-116.

тинуитет на примена на започнатите решенија. Односот на државата кон селанството до извесен степен омекнува со воведувањето на системот на врзани цени и макар со мал дел успешно е стимулирана непопуларната мерка на задолжителен откуп на земјоделски производи. Од друга страна, 1948, заради судирот на КПЈ со Информбирото (ИБ), била година на дисконтинуитет, што се гледа низ негативните последици од прекинувањето на планираната економска соработка и помош од Советскиот Сојуз и другите земји, членки на ИБ[47]. Во идеолошко-политичката сфера, нападот на ИБ веќе во почетокот на 1949 година предизвикал премин на југословенската аграрна политика на радикален колективистички курс, со далекусежни негативни последици.

При спроведувањето на задолжителниот откуп и другите мерки за социјалистичката преобразба на селото, партиско - државната политика тргнувала од диференцијацијата на селанството на кулаци (богати селани), средни и сиромашни селани. Спроведуван според идеолошките мерила на класната политика, откупот најмногу ги погодувал имотните селани, а најмалку сиромашните. Линијата на Партијата тргнувала во глобала од средниот селанец како основен сојузник, а од "кулакот" како главен непријател. Отпорот што селанството го давало при спроведувањето на задолжителниот откуп се објаснувал со непријателската дејност на кулачко - шпекулантските елементи. Основната грешка при сето тоа била таа што честопати во категоријата кулаци се вбројувале и селани кои според социјално - економските мерила никако не можеле да бидат богати селани. Поделбата на селанството на посебни категории, преземена од сталинистичката шема, била шаблонска социјална поделба која повеќе зависела од проценката на поединци и од политичкото држење на селанецот, а не секогаш од неговата имотна состојба.

Во извршувањето на планираниот откуп, државата главно не била подготвена да ги уважува причините заради кои доаѓало до неисполнување на обврските. Задолжените партиски активисти, фронтовци, одборници и други, тргнувале на терен со директива дека мора да ги соберат планираните количества. Многу од нив, плашејќи се од последиците за неисполнета задача или ревносни и желни за напредување во службата, зависно и од нивното општо-образовно и културно ниво, применувале најразлични мерки, кои отстапувале од генералната политика - да се врши политички притисок врз селанството. Објективните тешкотии на теренот и зголемувањето на потребите од земјоделски производи ја принудувале државата постојано да носи дополнителни појаснувања, одредби и акти со што го доразвивала откупниот систем. Таа успеала во остварувањето на првостепената задача заради која го наметнала задолжител-

[47] Види: Историја на Сојузот на комунистите на Југославија, Комунист, Скопје 1985, 417-440

ниот откуп - обезбедување исхрана за населението и армијата, но тоа го постигнала по цена на драстично смалениот интерес на селанецот за унапредување и зголемување на земјоделското производство. Поради негативните економски и политички ефекти, во почетокот на педесеттите години доаѓа до укинување на задолжителниот откуп.

Violeta Ačkoska

SOME ASPECTS OF THE OBLIGATORY PURCHASE
IN MACEDONIA (1945 - 1948)
(RESUME)

The purchase od agricultural products was introduced in the middle of the year 1945 in order the army and the population to be supplied with food and for other state needs. As a measure, it had especially administrative character: the deliveries were compulsory, the quantities were accuratelly fixed and so were the prices. During the purchase fullfillment the first sign of resistence appeared in the villages and because of the except the use of political pressure, different repressive measures were used somewhere. The compulsory purchase is the most politicized socio-economic relation of the complex of the agrarian and peasant question in the first years after the Peoples's Liberatiot War. It left deep tracks not only in the peasant's conscience but also in the further develompent.

Translated into English by
Violeta Stojanova